**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1403-60/1**

**Скопје, 16.01.2007 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА КИЧЕВО**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на општина Кичево за 2005 година, кои се прикажани на страните од 6 до 7.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на општина Кичево за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Владо Коруноски, Градоначалник на општина Кичево, до 19.04.2005 година и
- Владимир Толески, Градоначалник на општина Кичево од 20.04. 2005 до 31.12.2005 година;

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 5 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е извршена во периодот од 20.09. до 29.09.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со писмо број 08 – 4441/1 од 27.12.2006 година примени се забелешки по Предходниот извештај - сметка на Буџетот на општина Кичево од Градоначалникот на општина Кичево. Истите се разгледани и е констатирано следното:

- забелешките на наодот од точка 10.1.4. се прифаќаат делумно во делот на препораката и истиот е наод 11.1.4. во Конечниот извештај.
- забелешките на наодот од точка 10.2.1. не се прифаќаат од причина што е постапено спротивно на Законот за градежно земјиште и Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост, наодот останува во Конечниот извештај и е наод 11.2.1. .

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**11.1. Неправилна примена на актите**

11.1.1 Спротивно на одредбите од Законот за буџетите и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, Буџетот на општина Кичево за 2005 не е донесен до 31 декември 2004 година. За првите три месеци од 2005 година е вршено времено финансирање на расходите согласно Одлука број 07–1607/3 од 29.12.2004 година. Истото продолжило и во вториот квартал од 2005 година што е спротивно на претходно наведените закони. Буџетот е донесен на 07.06.2005 година со одлука на Советот бр. 07-958/3. Како причина на ревизијата и беше посочено совпаѓањето на локалните избори со терминот за донесување на буџетот и конституирањето на новиот состав на Советот. Непочитувањето на законската регулатива придонесува за незаконско трошење на јавните средства без претходно да бидат утврдени изворите и намените и без одобрување од Советот на општината.
**Препорака:**
Градоначалникот како одговорно лице кој е должен да го предложи буџетот до Советот треба да ги почитува законските одредби за изготвување и донесување на буџетот.

11.1.2. Статутот на општина Кичево не е навремено усогласен со новата законска регулатива. Тоа е направено дури во месец март 2006 година, што е спротивно на Законот за локална самоуправа. Причина за тоа е неажурноста и не навременото превземање на активности за донесување на нов статут од страна на надлежните во општина Кичево, што има за ефект работење по стари и дел од нив неважечки одредби од областа на локалната самоуправа.

По овој наод ревизијата не дава препорака од причина што се надминати недостатоците и е извршено усогласување на статутот со важечката регулатива.

11.1.3. Спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, евидентирањето на побарувањата и наплатените приходи по истите, во општина Кичево се врши во сметководството на Органот на општината, кое има за резултат неправилно искажување на состојбата на сметките во билансот на состојба и сметките на остварените приходи по видови на приходи. Таквата пракса е присутна до 30.06.2005 година кога е извршено префрлување на оваа евиденција од сметководството на Органот во сметководството на Буџетот на општина Кичево, поради тоа ревизијата не дава препорака за исправка на оваа неправилност.

11.1.4. Во првата половина на 2005 година преку благајната на Буџетот на општина Кичево извршена е наплата на надоместок за уредување на градежно земјиште од физички лица во вкупен износ од 2.178 илјади денари. Уплатените парични средства се примаат во благајната и потоа истиот или во текот на наредните денови се врши уплата на сметката на Буџетот. Во врска со овие трансакции не се практикува водење на сметководствената евиденција преку сметката Благајна туку се евидентира само наплата на Побарувања од купувачите, прилив на средства на сметката и искажување на приход, што не е во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. За благајничкото работење надлежните во општина Кичево немаат донесено одлука за висината на благајничкиот максимум што не е во согласност со Законот за платен промет. Непримената на одредбите од споменатите закони доведува до неевидентирање на трансакциите за готовинско плаќање на соодветните сметки пропишани со Правилникот за сметковниот план за буџетите и буџетските корисници и придонесува чувањето на готовина во благајната да не е лимитирано.
Ревизијата на дава препорака по овој наод од причина што со воведување на трезорскиот систем овие неправилности се надминати.

11.1.5. Спротивно на одредбите од Законот за буџетите и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, надлежните на општина Кичево за 2005 година не донеле ребаланс на Буџетот. До Советот на општината кон крајот на месец декември бил предложен ребаланс на Буџетот за 2005 година, но од страна на Советот истиот не бил донесен. Како причина за недонесувањето на ребалансот беше наведено дека кај дел од советниците владеело мислење дека со ребалансот нешто се прикрива. Од страна на Советот на општина Кичево ребаланс на Буџетот е донесен во месец јануари 2006 година, по истекот на годината за кој се однесува ребалансот кое придонело за реализирање на трошоци без истите да бидат предходно одобрени од Советот.

### 11.2. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите

11.2.1. Спротивно на законските прописи кои ја реулираат висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште, Советот на општина Кичево во Програмата за уредување на градежно земјиште има донесено одредба со која за плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште во готово се одобрува попуст од 10% на износот на пресметаниот надоместок. Надоместокот за уредување градежното земјиште претставува јавна давачка која се плаќа за добивање право на градба градежни објекти и која е последица на претходно направени реални трошоци од страна на општината за уредување на градежното земјиште. Поради тоа не постои простор за попусти и други поволности, туку треба да се платат трошоците кои биле претходно направени. Поради непочитување на законските одредби и ваквиот начин на наплата на надоместокот за уредување градежното земјиште придонело на

сметката на Буџетот за 2005 година по овој основ да се наплатат помалку приходи во износ од 666 илјади денари.

**Препорака:**

Надлежните органи при утврдување на висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште да тргнат од законските прописи и тоа Законот за градежно земјиште и Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост, и пошироките економски интереси на општината.

11.2.2. Во спроведување на Програмата за уредување на градежно земјиште, надлежните служби во општина Кичево не постапуваат во целост по истата поради тоа што не вршат обезбедување на наплатата на комуналиите на рати со инструменти за обезбедување на плаќањето (банкарска гаранција), како што е предвидено со програмата. Поради тоа на 31.12.2005 година по основ на ненаплатени надоместоци за уредување на градежно земјиште, за кои било одобрено плаќање на рати, а не биле обезбедени со инструменти за обезбедување на плаќањето, евидентиран е износ од 3.816 илјади денари за кој износ општината остварила помалку приходи. Непочитување на интерните акти и законските прописи придонесува до ненавремена наплата на приходите по овој основ како и до нереални приходи.

**Препорака:**

Надлежните во општината во целост да ги применуваат утврдените права и обврски кои произлегуваат од програмата за уредување на градежното земјиште и да обезбедуваат инструменти како гаранција за наплата на побарувањата кои се наплатуваат на рати.

**11.3. Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојбата**

11.3.1. На сметката Побарувања за кредити и позајмици со состојба на 31.12.2005 година искажан е износ на побарување од 996 илјади денари кој произлегува од дадена позајмица на правниот субјект „Кикотекс„ ДООЕЛ Кичево во вкупен износ од 1.100 илјади денари од кој е вратен износ од 104 илјади денари. Позајмицата е дадена во 2001 година 500 илјади денари и во 2002 година 600 илјади денари по пат на договори за цесија со кои е договорено ЈПССДП подрачна единица Кичево обврската по основ на комуналии кои терба да ги плати на општина Кичево, наместо на општината средствата да ги префрли на „Кикотекс„ ДООЕЛ Кичево. Позајмицата е договорено да се врати во рок од една година од денот на склучување на договорот, што не е направено. Во договорите нема одредба со која ќе се регулира постапка во случај на невраќање на позајмицата. Давањето кредити и позајмици не е надлежност на општините и е спротивно на одредбите од Законот за локалана самоуправа. Ваквиот начин на работење и непреземање на мерки за навремено враќање на дадената позајмица придонесува за незаконско и ненаменско трошење на средствата и го оневозможува реализирањето на функциите на општината.

**Препорака:**

Надлежните во општината да не практикуваат давање на кредити и позајмици, а во врска со ова побарување да превземаат соодветни мерки согласно законската регулатива, како би можеле да ги наплатат парите за дадената позајмица.

11.3.2. Не се евидентирани побарувања по основ на данок на имот кој се плаќа за недвижен имот и комунална такса за истакната фирма. Неевидентирањето на побарувањата не е во согласност со одредбите на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Причина за ваквата состојба е тоа што документацијата и податоци за овој вид на побарувања до превземањето на овие надлежности од локалната самоуправа се водат во Управата за јавни приходи и од таму не се пренесени во евиденцијата на општина Кичево, иако од страна на општината со допис до УЈП е побарано овие податоци да им бидат доставени. Како

резултат на тоа се нема увид во состојбата на ненаплатени и наплатени побарувања по овие основи.

**Препорака:**
Надлежните органи во општина Кичево потребно е да воведат евиденција за овој вид на побарувања со цел да ја следат нивната состојба и да превземаат соодветни мерки за наплата на побарувањата по овој основ.

**11.4. Ненаменско и незаконско користење на срдствата**

11.4.1. Направени се расходи без предходно обезбедени средства со буџетот на општината за 2005 година во износ од 9.020 илјади денари, кои се однесуваат:

- Остварени се расходи на позицијата Стоки и услуги во износ од 8.842 илјада денари повеќе од планираните со буџетот, и
- Кај позицијата Субвенции и трансфери во износ од 170 илјади повеќе од планираните со буџетот.

Непочитувањето на Законот за буџетите и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа придонесува за ненаменско трошење на средствата на единицата на локалната самоуправа.

**Препорака:**
Градоначалникот како одговорно лице за извршување на буџетот е должен да создаде услови за извршување на расходите согласно планирањата во буџетот.

12. Според наше мислење, освен изнесеното во точката од 11.2. и 11.3., финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Буџетот на општина Кичево на 31 Декември 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 11.1.,11.2. и 11.4. кај Буџетот на општина Кичево, не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат расходи на единиците на локалната самоуправа, за 2005 година.

14. Во врска со наодите од ревизорскиот извештај за 2002 година, од страна на Општина Кичево – Буџет превземени се мерки и е постапено по препораките на ревизијата во врска со примена на одредбите од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Општина Кичево почнувајќи од 2005 од принципот на пресметковно сметководство преминала на евидентирање по буџетски принцип, според кој признавањето на приходите и другите приливи, расходите и другите одливи содржани во главната книга на буџетите и буџетските корисници се спроведува според сметководсттвеното начело на парично искажување. Што се однесува до другите наоди од ревизијата од 2002 година не се преземени мерки за надминување на состојбите.

**Скопје, 29.12. 2006 година** **Овластен државен ревизор**

**Буџет на ЕЛС КИЧЕВО 2005**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 45,549 | 37,741 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 1,309 | 675 |
| Капитални приходи | | 0 | 3,906 |
| Трансфери и донации | 3.3. | 23,582 | 1,518 |
| Домашно задолжување | | 0 | 220 |
| Приходи од отплата на заеми | | 0 | 175 |
| **Вкупно приходи** | | **70,440** | **44,235** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.4.1. | 17,049 | 13,989 |
| Стоки и услуги | 3.4.2. | 26,735 | 22,165 |
| Каматни плаќања | | 0 | 749 |
| Субвенции и трансфери | 3.4.3. | 1,498 | 1,308 |
| Социјални бенефиции | 3.4.4. | 152 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **45,434** | **38,211** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.5.1. | 24,101 | 4,755 |
| Отплата на главница | | 0 | 860 |
| **Вкупно расходи** | | **69,535** | **43,826** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **905** | **409** |

**Буџет на ЕЛС КИЧЕВО**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 905 | 409 |
| Побарувања | 4.1.2. | 6,991 | 0 |
| Краткорочни пласмани, кредитирање и позајмување | 4.1.3. | 939 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **8,835** | **409** |
| **Вкупна актива** | | **8,835** | **409** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 8,835 | 409 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **8,835** | **409** |
| **Вкупна пасива** | | **8,835** | **409** |